ОПШТИНА
БЕРОВО

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

INTERCERT

ул. „Димитар Влахов“ бр.10
2330 Берово
т/ф 033/471-057

www.berovo.gov.mk
email: so.berovo@t.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Архивски број 12 – 430/2**
**30.01.2024 година**

**До**
**Совет на Општина Берово**
**- Преку Архива на Општина Берово**

**ПРЕДМЕТ:** Достава на Годишен извештај за работењето на Територијалната противпожарна единица за 2023 година

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Годишен извештај за работењето на Територијалната противпожарна единица во Општина Берово за 2023 година на Ваше понатамошно разгледување и постапување по истиот.

Со почит,

**Сашко Руменовски**
*Територијална Противпожарна единица*

**м-р Зорица Ризовска**
*Одделение за управување со човечки ресурси*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 12-430/1
30.01 2024 год
БЕРОВО

**[Општина Берово]**

# *Годишен извештај за работењето*
# *на*
# *Територијалната Противпожарна единица*
# *во*
# *Општина Берово*

**за 2023 година**

## 1. ВОВЕД

Заради гасење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно Законот за пожрникарството, Општина Берово формира Територијална противпожарна единица, која освен територијата на Општина Берово ја покрива и територијата на Општина Пехчево. Единицата покрива 974 км/2 опфатени околу 15 000 жители во две градски и 14 селски населби. Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес. Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката.

Со Законот за пожарникарството е уредено формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, како и условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гаснење на пожари.

Територијалната противпожарна единица при Општина Берово за секоја календарска година изготвува програма за работењето на единицата и истата ја доставува до Советот на Општина Берово на усвојување. Територијалната единица за своето работење одговара пред Градоначалникот на Општина Берово. За спроведените интервенции, Територијалната единица доставува табеларен преглед за вид на интервенции во текот на календарската година и врз основа на истиот, Одделението за управување со човечки ресурси изготвува наративен извештај за годишната работа на единицата.

Како редовна, традиционална манифестација е "Месец за заштита од пожари", која се одржува секоја година, во текот на месец мај. Заради негување на традициите на пожарникарството и одбележување на денот на формирањето на првата противпожарна единица во нашата земја, "20 Мај" се прогласува за Ден на пожарникарството во Република Македонија и истиот традиционално се одбележува.

## 2. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ОПШТИНА БЕРОВО

### 2.1 Општи податоци

Единицата брои 16 пожарникари, од кои:

- 7 пожарникари спасители
- 3 пожарникари - возачи на специјално возило
- 2 пожарникари - водачи на група
- 4 пожарникари - командир на одделение

Противпожарната единица е организирана и опремена со соодветна, меѓутоа дотраена техничка опрема и дотраени средства за гаснење на пожари, како и за извршување на другите задачи во рамките на надлежноста.

Општината треба да има во предвид дека се работи за потрошен материјал и е должна да обезбеди нова колективна и лична опрема, како и нови технички средства за гаснење на пожари, со цел ефикасно и ефективно извршување на работните цели и задачи на единицата.

Противпожарната единица е должна да презема мерки за гаснење на пожарот, односно отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, веднаш по дознавањето за настанатиот пожар или опасност за настанување на пожар.

Покрај гаснењето на пожарите ТППЕ учествува и во вршењето на технички интервенции во рамките на своите можности за која цел се спроведува и соодветна обука на вработените. Единицата учествува во давање помош при елементарни непогоди и други ситуации. За сите поголеми и покарактеристични интервенции се доставува посебна информација до градоначаникот на Општина Берово.

## 2.2 Вежбовни активности

Заради поуспешно обавување на поставените работни задачи во текот на 2023 беа предвидени повеќе вежбовни активности на ТППЕ Берово. Во текот на 2023 година беа организирани 7 поголеми вежби од кои една интернационална вежба „РОДОП" со учество на целата единица и две вежби одржани во тренинг центарот во Љубљана Р. Словенија и тренинг центарот во Нова Горица Р.Словенија, а исто така беа одржани 12 помали вежби кои беа спроведувани во кругот на ТППЕ Берово.

Заради подобрување на моторните способности редовно се обавуваат тренинг возења и користење на опремата која ја поседува единицата.

## 2.3 Законски рамки за работењето и надлежностите на ТППЕ

За исправноста на опремата која ја поседува ТППЕ Берово се врши редовна контрола од страна на овластени лица од Дирекција за заштита и спасување, за што се изготвува записник.

Согласно важечките стандарди (ISO 9001:2015) за тековното работење на ТППЕ се води пропишана евиденција и се изготвува годишната програма на единицата, како и годишниот извештај за работењето на единицата.

Техничкото опремување на единицата го врши Општина Берово согласно законските прописи и Правилниците а во рамките на своите можности. Исто така средствата за одржувањето на возилата и опремата паѓа на товар на Општина Берово.

## 2.4 Финансирање на ТППЕ

Средствата за финансирање на противпожарната единица и организацијата за гаснењето на пожари се обезбедуваат од републичкиот буџет, буџетот на општината, и процентуален дел од: наплатени премии за осигурување на имот од пожар, наплатени премии за осигурување на моторните возила и

осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, приходо од сопствени извори, доброволни прилози и слично.

## 2.5 Административно и теренско работење, соработка и територијално покривање

Административно – техничките работи и книговодствените евиденции на противпожарната единица се преземаат и извршуваат од страна на општинската администрација, согласно со закон и дадени овластувања.

Со оглед на тоа дека Територијалната противпожарна единица на Општина Берово ја покрива и територијата на Општина Пехчево, од страна на Општина Берово е предвидено да се склучи Договор за меѓуопштинска соработка со Општина Пехчево, за што досега се направени неколку обиди од страна на Општина Берово, нажалост неуспешни поради неприфаќањето на финансиските обврски од страна на Општина Пехчево за финансирање на дел од активностите на ТППЕ Берово.

ТППЕ Берово има интензивна соработка со ЈП Македонски Шуми Берово, ЈКПР „УСЛУГА" Берово, Водостопанство Берово, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Берово, Центар за управување со кризи Берово, ОВР Берово и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување на настанување на поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.

Со вршењето на редовни контроли командирот има постојан увид во однесувањето, изгледот и работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи. Проверката на возилата задолжително ја прават вработените од секоја смена. Ажурирањето на планот за мобилизација и на картотеката на улици и објекти како и хидрантската мрежа се врши постојано од страна на командирот на ТППЕ.

Работното време во ТППЕ Берово е организирано во 24 часовно дежурство на смени од по 12 часа. Единицата располага со 2 авто – цистерни ФАП 14/14 и ФАП 1921/36 со носивост од 7.000 l вода, една авто цистерна ФОРД ТРАК со носивост од 6000 l вода, 1 теренско возило Бремач со носивост од 2.000 l вода, 1 мултифункционално возило Тојота Хилукс наменето за шумски пожари и за чистење на снежни наноси и едно теренско возило за превоз на луѓе Опел Фронтера. Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита. Заради зголемување на ефикасноста во дејствувањето и одржување на работната дисциплина командирот врши редовни контролни неделни активности.

## 2.6 Работни цели и работни задачи на вработените во ТППЕ

Работните цели и работните задачи на вработените во Територијалната противпожарна единица се предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на Општина Берово, но и детално се разработени во годишната програма за работа на ТППЕ на следниот начин:

| Надлежности, работни цели и работни задачи | Детален опис на работни цели и работни задачи |
|---|---|
| 1) Раководење со ТППЕ | ➢ Организирање на работата на територијалната противпожарна единица<br>➢ Спасување на животот на граѓаните<br>➢ Заштита на имотот на лица загрозени од пожари и експлозии |
| 2) Укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации | ➢ Пружање на помош во рамки на можностите на единицата |
| 3) Грижа за постоење на мобилност на единицата | ➢ Постојана комуникација со вработените<br>➢ 12 часовно сменско работење |
| 4) Раководење, организирање и следење на работата на ТППЕ | ➢ Раководење на работата на ТППЕ<br>➢ Организирање на сменско и месечно работење на ТППЕ<br>➢ Следење на работата на ТППЕ преку постојана контрола на одделенијата во ТППЕ |
| 5) Изготвување на годишен план за работа на единицата | ➢ Планирање на работата на ТППЕ по месеци и квартали за општи активности и надлежности |
| 6) Изготвување на годишна програма за работа на ТППЕ | ➢ Во програмата се предвидува опис на работата на ТППЕ за целата календарска година<br>➢ Во расходи се евидентираат средствата кои се потребни за тековно функционирање на ТППЕ |
| 7) Изготвување на извештај за работата на ТППЕ | ➢ Изготвување на месечен извештај – евидентирање на интервенции<br>➢ изготвување на полугодишен извештај – евидентирање на интервенции и опис на интервенции<br>➢ изготвување на годишен извештај – детална евиденција и детален опис на интервенциите од страна на ТППЕ<br>➢ собирање на информации и податоци за за настанати пожари<br>➢ водење на евиденција за настанатите пожари, интервенции, експлозии и слично |
| 8) Постапување по важечките законски и подзаконски акти од областа на – заштитата и спасување | ➢ изготвување на службена информација кога е во прашање голема интервенција (голем пожар) |
| 9) Распоредување на работни задачи на вработените во ТППЕ | ➢ запознавање на вработените со нивните работни цели и задачи од систематизацијата на работни места на Општина Берово<br>➢ постапување во ситуација на пожар |
| 10) Раководење на акцијата за гаснење на пожар | ➢ постапување во ситуација на пожар |
| 11) Стручно усовршување | ➢ настава со вежбовни активности: 6 поголеми вежби со учество на целата единица (еднаш во два месеци) и 12 помали вежби (еднаш месечно) кои се спроведени во кругот на ТППЕ Берово<br>➢ спроведување на неделна обука на вработените<br>➢ реализација на тренинг возење |

| | |
|---|---|
| | - во соработка со ПП Сојуз на Берово организирање на квиз натпревар од областа на ПП заштитата (последен квартал од годината) |
| 12) Работна дисциплина | - контрола на распоредот и користењето на работното време на вработените во ТППЕ од страна на непосредно претпоставените<br>- покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска неуредност или дисциплински престап (доколку се јави потреба) од непосредно претпоставен<br>- покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност на вработените (доколку се направи материјална штета) од непосредно претпоставен<br>- грижа за униформата и личната уредност на вработените согласно одредбите од важечките прописи од страна на сите вработени |
| 13) Одржување на возилата и возниот парк | - координација за навремено распишување на тендери за потребите на ТППЕ, изготвување на анализи за потребите за ТППЕ за реализација на јавната набавка<br>- евиденција на потрошено гориво за возилата, евидентирање на користење на моторните возила и одржување на хигиената во гаражите |
| 14) Одржување на опрема и средствата за гаснење на пожари | - навремено набавување на средства за гаснење на пожари и нивно одржување и грижа за постоечката опрема и постојана проверка на истата |
| 15) Информирање и обука на населението за опасноста од пожари и елементарни непогоди | - одржување на показни вежби на вработените во приватниот сектор, јавниот сектор, основните училишта и средните училишта |

## 2.7 Наративен и табеларен опис на вид и број на интервенции од страна на ТППЕ спроведени во 2022 година

Територијалната противпожарна единица во 2023 година учествуваше во 69 интервенции на територија на Општина Берово, 12 интервенции на територија на Општина Пехчево, односно вкупно 81 интервенции. Во сите интервенции, вкупно 102 пати е извршено излез и интервенција со противпожарните возила. Интервенциите кои се извршени од страна на вработените во Територијалната противпожарна единица Општина Берово се покриени со вкупно 243 пожарникари. Бројот на други учесници во интервенциите изнесува 313 лица.

Табеларниот преглед на видови на интервенции и територија на која биле вршени противпожарните интервенции е следниот:

| Вид на интервенција | Берово | Пехчево | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1) Шума | / | / | / |
| 2) Сува трева и шума | 6 | / | 6 |
| 3) Сува трева, ѓубре и овоштарник | 2 | 2 | 4 |
| 4) Димоводен канал | 15 | / | 15 |
| 5) Угостителски објект | 1 | 1 | 2 |
| 6) Димоводен канал и дел од соба | 1 | / | 1 |
| 7) Станбен објект (куќа) | 4 | / | 4 |
| 8) Земјоделски објект (плевна) | 1 | 3 | 4 |
| 9) Депонија | / | 2 | 2 |
| 10) Патничко моторно возило | 5 | / | 5 |
| 11) Сува трева | 9 | 2 | 11 |
| 12) Контејнер | 2 | / | 2 |
| 13) Трактор и гаража | 1 | / | 1 |
| 14) Електрични уреди (бандера, парен котел струјно коло) | 2 | 1 | 3 |
| 15) Плинска боца | 1 | / | 1 |
| 16) Подрумски простории | / | / | / |
| 17) Техничка интервенција (сообраќајка) | 2 | / | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18) Техничка интервенција** | 8 | / | 8 |
| **19) Помошна просторија и плевна** | 3 | / | 3 |
| **20) Викенд куќа** | 1 | / | 1 |
| **21) Пелетара и пилана** | 3 | / | 3 |
| **22) Товарно моторно возило** | / | 1 | 1 |
| **23) Техничка интервенција (поплава) – Делчево** | 1 | / | 1 |
| **Техничка интервенција (поплава)** | 1 | / | 1 |
| | | | |
| **Вкупно интервенции заклучно со 31.12.2023** | **69** | **12** | **81** |

## 2.8 Наративен опис на покарактеристични, односно потешки интервенции од страна на ТППЕ во 2023 година

Во своето работење во 2023 година, покрај горенаведените интервенции, имаше неколку покарактеристични и воедно потешки интервенции за кои сметаме дека треба да бидат и наративно опишани и тоа:

1) На ден 04.01.2023 година во 22:20 часот од страна на операторот од ЦУК примена е дојава за запалено ПМВ Мерцедес со странски регистарски таблички. Пристигнато на лице место во 22:35 часот со едно ПП возило Бремач и четири пожарникари. При пристигнување увидено е дека целото возило е во пламен, односно пожарот беше во одмината фаза. Интервенирано беше во два правци, а бидејки имаше истекување на бензин од возилото беше употребен и еден ПП апарат С-6. Во 22:50 часот пожарот беше локализиран но постоеше опасност од повторно активирање бидејки имаше истекување на бензин од резервоарот од возилото. Пожарот беше ликвидиран во 23:00 часот. На место на настанот пристигна и увидна екипа на ОВР Берово. Вратени во база во 00:30 часот. Сопственик на возилото е Роберт Николов.

2) На ден 17.03.2023 година во 19:00 часот примена е дојава за пожар на станбен објект (куќа). Интервенирано е со две ПП возила и шест пожарникари. При пристигнување на место на настанот увидено е дека пожарот е во поодмината фаза, односно дека целата кровна конструкција гореше и спратот под

кровната конструкција. Исто така постоеше опасност да биде зафатена и соседната куќа која се наоѓаше на само 2 метри од куќата која што гореше. Беше пристапено прво со гасење и ладење на соседната куќа и не се дозволи пожарот да ја зафати соседната куќа. Потоа беше пристапено со локализирање на пожарот на куќата што гореше но поради натрупани наслаги од ткаенина под кровната конструкција гасењето се одвиваше доста тешко. Пожарот беше локализиран во 21 часот, а ликвидиран во 21:50 часот. Поради опасност да не дојде до повторно потпалување два пожарникари и едно ПП возило останаа да дежураат до 00:30 часот. Информирани беа ОВР Берово, ЕВН и Градоначалникот Пекевски. Сопственик на објектот е Довичински Васил.

3) Настанат пожар на ден 14.04.2023 година, во с.Владимирово, Општина Берово. Примена е дојава во 16:22 часот во ТППЕ Берово, пожар на објект плевна во с.Владимирово, Берово. Дојавата е примена од лице од с.Владимирово, а потоа и од ОВР Берово. Веднаш е интервенирано со прво возило Форд а потоа и со возило Бремач и Фап 1921 и шест пожарникари. При пристигнување со првото возило е затекнато објект плевна и помошен објект кујна на кој кровната конструкција гори и потоа веднаш е пристапено кон гасење на пожарот. Првото возило пристигнува во 16:31 часот, додека второто и третото е веднаш по првото и сите пристапуваат кон гасење. Пожарот е локализиран во 17:00 часот, а ликвидиран во 21:30 часот. Опожарениот објект е во сопственост на Зоран Младеновски и според негово кажување, пожарот почнува од помошната просторија кујна од неисправна плинска боца, а потоа се проширува на останатата дрвна конструкција од плевната и сеното складирано во неа.

4) Настанат пожар на ден 29.04.2023 година. Во 23:30 часот примена е дојава за настанат пожар на плевна во с.Русиново, Берово со нејасна дојава (поширок опис на местото). Веднаш е излезено со возило Бремач и тројца пожарникари а при наближување на кај селото побарано е и друго возило. На лице место е затекнато пожар во поодмината фаза со целосно опожарување на целиот објект (120-150 м). Не постоеше опасност по други објекти и други матерјални добра, а не постоеше можност за спасување на стоката која беше во објектот. На лице место беше и сопственикот на објектот кој побара внатрешноста да не ја гасиме за да можат полесно да го исчистат со оглед на тоа дека немаше опасност од проширување на пожарот. Употребена е вода за гасење од две возила со две линии и околу 01:00 часот пожарот е локализиран. До 06:00 часот на 30.04.2023 со дежурство и континуирано гасење пожарот е ликвидиран.

5) Настанат пожар на 23.05.2023 година. Во 21:48 часот примена е дојава од страна на Спасов Станко за настанат пожар на станбен објект на ул. „Моша Пијаде“, сопственик Горан Бошнаковски. Веднаш е излезено со две возила Форд и Фап 1921 и од возило Форд се поставени две линии и една од Фап 1921. Објектот беше целосно зафатен од пожарот со изразена опфатеност на кровната конструкција. Спречено е ширење на страничните објејкти и пристапено е кон локализирање на пожарот. По расчистување на кровот пожарот целосно е изгаснат и по извршената проверка местото е напуштено во 23:45 часот. Во гасњето учествуваа 11 пожарникари и три возила.

6) Настанат пожар на 01.06.2023 година. Во 20:25 часот примена е дојава за запален трактор во гаража на ул. „Јуриј Гагарин“. Интервенирано е со возило Бремач и 2 пожарникари. Пристигнато е за три минути и за кратко време пожарот е локализиран и ликвидиран. Пристигнато во 20:28 часот, локализиран во 20:30

часот, по што е пристапено кон чистење на кровот и вратени во база во 21:25 часот.

7) Настанат пожар на ден 31.07.2023 година, во с.Црник, Општина Пехчево. Примена е дојава во 11:50 часот во ТППЕ Берово, за пожар на објект плевна. Пристигнато на место во 12:15 часот со ФОРД ТРАК и двајца пожарникари. Објектот беше во поодмината фаза на горење. Целиот објект беше во пламен. Поставена разделница со две линии, и е побарано помош од второ возило. Пристигнати пожарникарите Букушовски и Газинковски со возило Бремач. Пожарот е локализиран во 13:00 часот, а целосно ликвидиран во 17:00 часот. Вратени во база во 18:15 часот.

8) Настанат пожар на ден 21.09.2023 година. Во 12:15 часот примена е дојава за настанат пожар на товарно моторно возило камион на месност викана Крива круша, Општина Пехчево. Веднаш се упатени со возило Форд, пожарникарите Вучковски и Полевски, а дополнително се повикани и пожарникарите Бизговски и Гошевски со возило Бремач. Првото возило е пристигнато во 12:25 часот при што е затекнато товарно моторно возило камион кој целосно е во пламен и веднаш е пристапено кон гасење со вода, при што огнот е локализиран во 12:30 часот, а ликвидиран во 13:00 часот. Второто возило е пристигнато во 12:30 часот и по извршениот увид на ситуацијата истото е повлечено назад. Камионот е целосно опожарен, додека приколката не е оштетена. Возач на камионот е Александар Кацарски, а сопственик Звонко Рушковски.

9) Настанат пожар на ден 09.10.2023 година. Во 14:34 часот во ТППЕ Берово е примена дојава за пожар на станбен објект – викендица во с.Владимирово, месност Чочева кривина. Веднаш со возило Бремач е интервенирано со два пожарникари. Пристигнато на лице место во 14:50 часот и пожарот беше во голем обем и беше повикано уште едно возило Тојота со еден пожарникар. Пожарот е ликвидиран во 16:15 часот. Информирани беа ОВР Берово за понатамошна истрага.

10)Настанат пожар на ден 17.10.2023 година. Во 17:00 часот од страна на Командирот со овластување Руменовски Сашко известено е за настанат пожар на куќа во с.Двориште, сопственост на Дополовски Горан и веднаш се упативме со едно возило Бремач и два пожарникари, при што на лице место бевме во 17:30 часот и затекнавме целосно задимување на спратот од куќа како последица од согорувањето на гредите од таванскиот дел на приземјето. Пристапено е на постепено чистење на таванот и гасење на гредите. На лице место пристигнато уште едно возило Форд со тројца пожарникари. Заради спречување на ширењето на пожарот очистен е целиот тавански дел од приземните простории до целосно ликвидирање на пожарот во 20:30 часот. На сопствениците им е покажано и објаснето како да дежураат и по потреба да известат за повторно активирање на пожарот.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Од напред изнесениот преглед на бројот на интервенции може да се забележи дека предничат интервенции каде како фактор причинител се појавува човекот со своето невнимание. Подобрување треба да се прави континуирано на опременоста на единицата во личната и колективната опрема, да се има во предвид старосната граница на возилата, како и на вработените. Во предвид

треба да се има подобрување на лошите пристапни патишта, а во најголема мера да се има во предвид подобрување на нефункционалната и слабо одржана хидранска мрежа која придонесува во беспотребно губење време во полнење на цистерните. Со подобрувањето на хидрантската мрежа во голема мерка ќе се придонесе за намалување на штетните последици при интервенциите во урбана средина.

*Изготвено од:*
*Сашко Руменовски*
*Територијална противпожарна единица*

______________________

*Контролирано од:*
*м-р Зорица Ризовска*
*Одделение за управување со човечки ресурси*

______________________

**Број 09 - _________/1**
**__.__.2024 година**
**Берово**

**Совет на Општина Берово**
**Претседател**
**Марија Буровска**

______________________